


Деновиве во издание на Литературното друштво „Григор Прличев“ од Сиднеј излезе од печат книгата „**Судбина во круг**“ од **Славица Ристеска**.

Славица е виден општественик и борец за македонскиот јазик и култура во Дијаспората која активно делува во македонската заедница од далечната 1988 година. Како наставник по македонски јазик има работено во македонските саботни училишта како и во центрите за јазици во гимназиите во Бенкстеон и Когра (предградија на Сиднеј) каде подготвува ученици во 11-та и 12-та година за матурските испити по македонски јазик. Повеќе години има работено за млади и нивните семејства како здравствен работник. Како општественик на доброволна основа активно била вклучена како радио уредник и водител на програмата „Пеј Македонијо“ и во активностите на македонскиот Просветно-Училишен Одбор за Нов Јужен Велс каде повеќе години завзема функција на заменик претседател.

Инаку Славица има завршено Филозофскиот Факултет во Скопје на кој дипломира во 1988 година како професор по Историја. Своите постдипломски студии ги продолжува на Сиднејскиот Универзитет каде во 2003 гидина дипломира и се стекнува со својата втора професорска диплома „Професор по историја, ТЕСОЛ и Македонски јазик. Во 2015 година магистрира на Деакин универзитетот во Мелбурн во областа Промоција на здравје.

Како член на Литературното друштво „Григор Прличев“ нејзината поезија била објавувана во неколку антологии: „Reunion“ (2003) во издание на Светскиот конгрес на поетите, „Коти на копнеж и страст“ (2003) и „Syница“ (2018), обете во издание на Литературното Друштво „Григор Прличев“ од Сиднеј. Таа исто е член на Друштвото на новинарите на Македонија од 2002 година.



Душан Ристевски